[redacted]

[redacted]

електронско сандаче [redacted]
електронско сандаче за
[redacted]

---

**ДО ОПШТИНА БИТОЛА**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 26. 08. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 146 | | |

3889

[redacted]

## БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Почитувани,

Согласно член 4 од Законот за адвокатурата и согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барам да ми биде издадена информација за тоа

-во чија надлежност е одржувањето на пешачките патеки;
-во чија надлежност е грижата и поправка на пешачките патеки;
-во чија надлежност е обележување на оштетените делови на пешачките патеки;

Ваквите податоци барам да ми бидат издадени во рок од 8 (осум) дена од приемот на ова барање, а се со цел заштита на правата и интересите на моите властодавци.

Со почит,

Битола,
25.08.2025

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за комунални дејности

Бр.11-146/2
29.08.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-146/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 27. 08. 2025
Орг.Един: 11 | Број: 146/2 | Прилог: | Вредност:

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**
Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Бр.32-860/2 од 29.08.2025г.**

**До**
**Лице за посредување при остварување**
**на слободен пристап до информации**
**од јавен карактер**
**Марија Атанасовска**

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер со Ваш бр.11-146/2 од 29.08.2025г. доставено до Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште, а кое се однесува на издавање на информација во чија надлежност е одржувањето, грижата, поправката како и обележувањето на оштетените делови на пешачките патеки, Ве известуваме дека надлежен орган за горе наведеното е Општина Битола.

Со почит,

Изработил: Наташа Кочовска

Раководител на Одделение

Марјана Спасевска д.м.и.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ОПШТИНА БИТОЛА · II

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 306 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-146/4
29.08.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **26.08.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето н[redacted] **,** по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-146/2025** од **26.08.2025 година**, за информации надлежност за одржување на пешачките патеки,одржување на пешачките патеки и олежување на пешачките патетки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот[redacted], поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-146/2025 на ден 26.08.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации за надлежност за одржување на пешачките патеки,одржување на пешачките патеки и облежување на пешачките патетки. Општина Битола донесе решение за уважување на информацијата од јавен карактер.
Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-146 од 26.08.2025.
2. Допис до Одделение за комунални дејности бр.11-146/2 од 29.08.2025.
3. Одговор од Одделение за комунални дејности со бр.11-146/3 од 29.08.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 29.08.2025 година, под бр. 11-146/4.

**Службено лице за посредув ање при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Марија Атанасовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •